**20121343342**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 72 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/2008, 158/2010, 17/2011, 51/2011 и 74/12), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРЕМЕР И ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПРЕМЕРОТ

Член 1

Во Правилникот за премер и обработка на податоците од премерот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2011, 42/2012 и 129/2012), во членот 17 став (2) во насловот :„Плодни земјишта:“ алинеите два, три и четири се менуваат и гласат:

„-ниви под оранжерии „н-о“

-ниви под помошни објекти „н-по“

-ниви под под објекти за примарна обработка на земјоделски производи „н-опозп“.

Член 2

Во членот 19 став (2) по зборот: „базени,“ се додава зборот: „рибници“.

Член 3

Во членот 20 во насловот : „Други објекти“ точката пет : „Ф-фарми“ се менува и гласи:

„ОПОЗП – објекти за примарна обработка на земјоделски производи (со внатрешна површина)“.

По точката пет се додава нова точка шест која гласи:

„Р- рибници - објекти за примарна обработка на земјоделски производи (со волумен односно зафатнина)“.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а одредбите од член 3 ќе се применуваат по создавањето на технички услови за внесување на промените во електронската база на податоци.

Бр. 01-17530/1
29 октомври 2012 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Димитар Димовски,** с.р.